Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА
AGJENCIA E ADMINISTRATËS
Скопје-Shkup

| Примено: Pranuar: | 17-04-2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. Nj. Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlera: |
| | | | |

СЕКТОР ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

17.04 2026

АРХИВСКИ БРОЈ: 02-4511/3

ДО: АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА

ПРЕДМЕТ: Барање за исправка на интерен оглас

Почитувани,

Од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство доставено е Барање за објавување на интерен оглас број 1/2026 за унапредување на еден (1) административен службеник на ден 16.04.2026 година (примен во Архивата на Агенција за администрација 16.04.2026 година), но од причина што во огласот е направена техничка грешка, Барањето за објавување на интерен оглас и Интерниот оглас со архивски број 04-970/3 и 04-970/4 од 16.04.2026 година ги повлекуваме и доставуваме ново Барање за објавување на интерен оглас и Интерниот оглас и тоа:

**Зборовите:** Државен советник за земјоделство - растително производство 1 извршител **се заменуваат со зборовите: Државен советник за рибарство и аквакултура 1 извршител**, а во

**Посебни услови:**
- ниво на квалификациите VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен: наместо зборовите Наука за земјиштето и хидрологија, Растително производство треба да стои:

**„ Земјоделски и ветеринарни науки-земјоделство, шумарство и водостопанство„**

Во прилог ви испраќаме нов корегиран оглас и Барање за објавување и Ве молиме истиот **да биде објавен на ден 21.04.2026 година, во 15,30 часот.**

**Барањето број 04-970/3 и бр. 04-970/4 од 16.04.2026 година со прилозите го повлекуваме и истото нетреба да се објавува.**

Прилог:
- Интерен оглас број 01/2026
- Известување од Министерство за финансии за обезбедени финансиски средства за унапредување број 04-970/2 од 24.02.2026 година, во фотокопија

МИНИСТЕР
Цветан Трипуновски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
MINISTRIA E BUJQËSISË, PYLLTARISË DHE EKONOMISË SË UJËRAVE
II
СКОПЈЕ-SHKUP

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО,
ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
17.04 2026 година

АРХИВСКИ БРОЈ: 02-4511/4

Врз основа на член 48 став 4 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија„ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018) и („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 275/2019 и 14/2020, 2015/21, 99/22, 208/24 и 210/24), Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за вработување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивното бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависнот од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на РМ" бр. 11/15 и 35/18 и „Службен весник на РСМ„ бр. 303/20), Правилникот за систематизација на работните места и Измените на правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, се објавува:

## ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 01/2026

### за унапредување на еден (1) административен службеник во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство објавува интерен оглас за унапредување на еден (1) административен службеник за следното работно место:

**1. УПР0101Б01000 Државен советник за рибарство и аквакултура........................................................................... 1 извршител**

**Општи услови:**

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место;
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност;


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Ленинова" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

**Посебни услови:**
- ниво на квалификации VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен: Земјоделски и ветеринарни науки-земјоделство, шумарство и водостопанство;
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку десет години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор;
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски)
- доказ за положен испит за административно управување;

**Распоред на работно време:**
- работни денови: од понеделник до петок
- работни часови неделно: 40 часа
- работно време: 7:30/8:30 часот до 15:30/16:30 часот
- опис на работното време: со почеток на работното време помеѓу 07:30 и 8:30 часот и завршеток на истото помеѓу 15:30 и 16:30 часот

**Паричен износ на основна нето плата:** 55.737,00 денари

На интерниот оглас може да се пријават административни службеници вработени во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, кои ги исполнуваат општите и посебните услови за пополнување на работноите места пропишани за соодветното ниво со Законот за административни службеници и Правилникот и измените на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и:
- да е оценет со оценка „А„ или „Б„ при последното оценување;
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас;
- да поминал најмалку две години на истото ниво;
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Рокот за поднесување на пријавата со доказите изнесува пет (5) дена сметано од денот на објавувањето на огласот на веб-страната на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и на веб-страната на Агенцијата за администрација.


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Ленинова“ бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015

Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Кандидатите кон пријавата можат да ги приложат и следните докази:
- потврда за успешно реализирани обуки и/или
- потврда за успешно реализирано менторство.

Кандидатите за унапредување се пријавуваат на интерниот оглас со поднесување на пополнета пријава и потребната документација и истите ги доставуваат преку архивата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство до Секторот за човечки ресурси.
Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни.

НАПОМЕНА: Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата или се утврди дека внел лажни податоци, ќе биде дисквалификуван од натамошна постапка по овој оглас.

МИНИСТЕР

Цветан Трипуновски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
MINISTRIA E BUJQËSISË, PYLLTARISË DHE EKONOMISË SË UJËRAVE
II
СКОПЈЕ-SHKUP


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија

Ул. „Ленинова" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија

Ул. „Ленинова“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

## ПРИЈАВА ЗА АПЛИЦИРАЊЕ НА ИНТЕРЕН ОГЛАС

1. Податоци за огласот:
   - Назив на органот ......................................
   - Број на интерниот оглас ......................................
   - Реден број на работното место за кое се пријавува ..................................
2. Податоци за кандидатот:
   - Име ..............................
   - Презиме ..............................
   - Пол М Ж
   - ЕМБГ

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | |

   - Адреса на живеење
   - Улица и број ............................................................
   - Општина ............................................................
   - Контакт телефон Мобилен ...................... Фиксен ..............
   - E-mail адреса ..................................
3. Податоци за исполнување на посебните услови:
   - Степен на образование или стекнати кредити според ЕКТС,

   IV, VI, VII/1, VII/2, VA60-120 ЕКТС, VIA-240 ЕКТС, VIБ-180 ЕКТС

   Вид на образование:
   - Образовна институција ..........................................
   - Насока ............................................................
   - Датум и број на диплома (Уверение) ..........................................
   - Податоци за работно

## FLETPARAQITJE PËR APLIKIM NË KONKURS INTERN

1. Të dhënat për shpalljen:
   - Emri i institucionit ......................................
   - Numri i shpalljes interne ......................................
   - Numri rendor i vendit të punës për të cilën është paraqitur ..................................
2. Të dhënat për kandidatin:
   - Emri ..............................
   - Mbiemri ..............................
   - Gjinia M F
   - NAQ

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | |

   - Adresa e vendbanimit
   - Rruga dhe numri ............................................................
   - Komuna ............................................................
   - Kontakt telefoni Mobil.................Fiks ........................
   - E-majli adresa ..................................
3. Të dhënat për përmbushjen e kushteve të veçanta:
   - Niveli i arsimit ose kredi të fituara sipas EKTS,

   IV, VI, VII/1, VII/2, VA60-120 EKTC, VIA-240 EKTC, VIB-180 EKTC

   Lloji i arsimit:
   - Institucioni arsimor ..........................................
   - Drejtimi ............................................................
   - Data dhe numri i diplomës (Vërtetimit) ..........................................
   - Të dhënat për përvojë


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија

Ул. „Ленинова" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

искуство.........години
........месеци

4. Податоци за оценување во последната година пред објавување на интерниот оглас ........................................
5. Податоци за исполнување на општите услови:
   -
Државјанство........................................................
........................................
   - Здравствена способност за работното место........................................
6. Други услови утврдени во актот за систематизација на работните места
   - Компјутерски вештини ........................................................
   - Познавање на странски јазици ........................................................
   - Други посебни услови за работното место...........................
7. Податоци за изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавување на интерниот оглас ..............................................
8. Изјавувам под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците наведени во пријавата за унапредување се веродостојни и дека на барање на надлежниот орган ќе доставам докази во оргинал или копија заверена кај нотар.

Напомена: Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од понатамошна постапка.

pune ............ vite .............. muaj

4. Të dhënat për notim në vitin e fundit para publikimit të shpalljes interne ..................................................
5. Të dhënat për pëmbushjen e kushteve të përgjithshme:
   -
Shtetësia........................................................................
........................................
   - Aftësia shëndetësore për vendin e punës.....................................
6. Kushte të tjera të vërtetuara me aktin e sistematizimit të vendeve të punës
   - Aftësi kompjuteristike ........................................................
   - Njohja e gjuhëve të huaja ........................................................
   - Kushte të tjera të veçanta për vendin punës.................................
7. Të dhënat për masën e shqiptuar disiplinore në vitin e fundit para së të publikohet shpallja interne.............................................................
8. Deklaroj nën përgjegjësinë morale, materiale dhe penale, që të dhënat e deklaruara në aplikimin për avancim janë të vërteta dhe se me kërkesë të institucionit kompetent do të dorëzoj prova në origjinal ose kopje të vërtetuara në noter.

Vërejtje: Kandidati i cili ka shënuar të dhëna të pavërteta në aplikim do të diskualifikohet në procedurën e mëtutjeshme.

Име и презиме, Потпис

Датум:

Emri, mbiemri, Nënshkrimi

Data:


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Ленинова" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
MKC EN ISO 9001:2015